Врз основа на член 119 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија" број 79/93, 3/94, 71/96 и 46/2000), член 29 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95), а во врска со член 43 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 2/96), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на ден 14.02.2001 година, донесе

# Б У Џ Е Т

на Општината Битола за 2001 година

## I. ОПШТИ ДЕЛ

Член 1

Буџетот на Општината Битола за 2001 година, се состои од:

| | |
|---|---|
| **1.**Вкупно приходи | 38.039.000 |
| -Изворни приходи | 38.039.000 |
| **2.** Вкупно трошоци | 38.039.000 |
| -Утврдени намени | 38.039.000 |

Член 2

Приходите по извори на приходи и трошоците по основни намени се утврдуват во Билансот на приходите и трошоците на Буџетот на Општината за 2001 година.

| | | **БИЛАНС НА ПРИХОДИ** | **Буџет за 2000 год.** | **Буџет за 2001 год.** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | **3** | 4 | 5 |
| | | **И. Изворни приходи** | | |
| **71** | | **Даночни приходи** | **29.136.000** | **32.049.600** |
| | **713** | **Други даночни приходи** | **29.136.000** | **32.049.600** |
| | 7130 | Данок на имот | 15.666.250 | 17.232.875 |
| | 7131 | Данок на наследство и подарок | 539.750 | 300.000 |
| | 7132 | Данок на промет на недвижности и права | 12.930.000 | 14.516.725 |
| **72** | | **Неданочни приходи** | **5.445.000** | **5.989.400** |
| | **722** | **Такси** | **5.445.000** | **5.989.400** |
| | 7222 | Комунална такса за привремен престој | 205.000 | 235.250 |
| | 7222 | Комунална такса-фирмарина | 2.920.000 | 3.212.000 |
| | 7222 | Други комунални такси | 72.500 | 70.000 |
| | 7222 | Ком.така од регистрација на возила | 2.247.500 | 2.472.150 |
| | | **ВКУПНО ИЗВОРНИ ПРИХОДИ** | **34.581.000** | **38.039.000** |

## И. ОПШТ ДЕЛ

| Став ка | Потста Вка | Т Р О ШО Ц И | Буџет за 2000 г. | Буџет за 2001 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | | **БИЛАНС НА ТРОШОЦИ** | | |
| **1** | | **И. Тековни трошоци** | **33.429.185** | **37.791.934** |
| **40** | | **Плати,наемнини и надоместоци** | **11.727.207** | **12.683.534** |
| | 401 | Основни плати и наемнини | 8.368.000 | 8.583.234 |
| | 402 | Надоместоци | 3.359.207 | 4.100.300 |
| **42** | | **Стоки и други услуги** | **15.841.638** | **21.858.400** |
| | 420 | Патни и дневни трошоци | 941.182 | 875.000 |
| | 421 | Комунални услуги | 986.851,50 | 803.000 |
| | 422 | Трошоци за затоплување | 210.225 | 315.000 |
| | 423 | Материјали | 1.846.907 | 1.232.000 |
| | 424 | Трошоци за транспорт | 565.669 | 635.000 |
| | 425 | Тековно (рутинско) одржување | 4.781.959 | 11.650.000 |
| | 426 | Договорни услуги | 1.595.093 | 2.214.000 |
| | 427 | Други оперативни трошоци | 4.913.751,50 | 4.134.400 |
| **44** | | **Тековни трансфери** | **5.860.340** | **3.250.000** |
| | 441 | Трансфери за владини институции | 139.271 | 150.000 |
| | 442 | Трансфери до единиците на локалната самоуправа | | |
| | 443 | Државни донации трансфери на физички лица и нестопански организации | 1.482.500 | 2.100.000 |
| | 444 | Трансфери по основ на субвенции | 4.238.569 | 1.000.000 |
| | | **ИИ. Капитални трошоци** | **1.151.815** | **247.066** |
| **46** | | **Купување на капитални средства** | **1.151.815** | **247.066** |
| | 463 | Мебел и канцелариска опрема | 451.894 | - |
| | 464 | Други возила | 659.921 | - |
| | 467 | Изградба,реконструкција и унапреду. | 40.000 | 247.066 |
| | | **ВКУПНО ТРОшОЦИ** | **34.581.000** | **38.039.000** |

Член 3

Приходите во износ од 38.039.000 денари, кои се искажани по основни намени во билансот на приходите и трошоците на Буџетот за 2001 година, се распоредени по носители, корисници и поблиски намени во посебниот дел на Буџетот на Општината Битола за 2001 година.

**ИИ. ПОСЕБЕН ДЕЛ**

| Позиција | Категорија | Став Ка | Потставка | Т Р О Ш О Ц И | Буџет за 2000 г. | Буџет за 2001 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | **РАЗДЕЛ 1-Градоначалник на Општината Битола** | | |
| | | | | **И. ТЕКОВНИ ТРОШОЦИ** | **2.528.301** | **2.693.600** |
| | **40** | | | **Плати,наемнини и надоместоци** | **601.004** | **1.393.600** |
| | | **401** | | **Основни плати и наемнини** | **554.000** | **870.000** |
| 001 | | | 401013 | Основни плати на функционери | 554.000 | 870.000 |
| | | **402** | | **Надоместоци** | **47.004** | **523.600** |
| 002 | | | 402010 | Надоместок за превоз до и од работно место | 8.820 | 9.000 |
| 003 | | | 402028 | Надомест за храна | 32.200 | 50.600 |
| 004 | | | 402036 | Надомест за годишен одмор | 5.984 | 14.000 |
| 005 | | | 402079 | Надомест за надворешни соработници-Канцеларија на градоначалникот | - | 450.000 |
| | **42** | | | **Стоки и други услуги** | **1.927.297** | **1.300.000** |
| | | **420** | | **Патни и дневни трошоци** | **589.182** | **550.000** |
| 006 | | | 420018 | Патувања во земјата | 66.000 | 80.000 |
| 007 | | | 420050 | Патувања во странство | 523.182 | 470.000 |
| | | **427** | | **Други оперативни трошоци** | **1.338.115** | **750.000** |
| 008 | | | 427063 | Репрезентација | 1.338.115 | 750.000 |
| | | | | **ВКУПНО РАЗДЕЛ 1** | **2.528.301** | **2.693.600** |
| | | | | **РАЗДЕЛ 2-СОВЕТ НА ОПШТИ НАТА БИТОЛА** | | |
| | | | | **И Тековни трошоци** | **16.138.878** | **21.799.634** |
| | **40** | | | **Плати,наемнини и надоместоци** | **2.705.728** | **2.455.234** |
| | | **401** | | **Основни плати и наемнина** | **835.600** | **422.934** |
| | | | 401013 | Основни плати- функционери | 835.600 | 422.934 |
| | | **402** | | **Надоместоци** | **1.870.128** | **2.032.300** |
| 009 | | | 402010 | Надомест за превоз | 7.560 | - |
| 010 | | | 402028 | Надомест за храна | 50.600 | 25.300 |
| 011 | | | 402036 | Надомест за годишен одмор | 11.968 | 7.000 |
| 012 | | | 402079 | Надомест за советници | 1.800.000 | 2.000.000 |
| | **42** | | | **Стоки и други услуги** | **7.572.810** | **16.094.400** |
| | | **420** | | **Патни и дневни трошоци** | **221.000** | **200.000** |
| 013 | | | 420018 | Патувања во земјата | 31.000 | 30.000 |
| 014 | | | 420050 | ПатувањА во странство | 190.000 | 170.000 |
| | | **425** | | **Тековно (рутинско) одржување** | **4.581.959** | **11.500.000** |
| 015 | | | 425028 | Патишта-финансиска програма за одрж.на комун.објекти и инстал. | 4.581.959 | 11.500.000 |
| | | **426** | | **Договорни услуги** | **1.547.893** | **2.160.000** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 016 | | | 426016 | Просторни и детални урбанистички планови | 1.487.893 | 1.600.000 |
| 017 | | | 426032 | Надомест за здравствена заштита-наркоманија | | 80.000 |
| 018 | | | 426075 | Научно- истражувачки проекти | | 300.000 |
| 019 | | | 426164 | Фонд на наградата ,,4-ти Ноември,,) | 60.000 | 100.000 |
| 020 | | | 426199 | Изработка на студии и проекти за заштита на животната средина | | 80.000 |
| | | **427** | | **Други оперативни трошоци** | **1.221.958** | **2.234.400** |
| 021 | | | 427063 | Репрезентација | 311.229 | 190.000 |
| 022 | | | 427128 | Тековна резерва | 110.729 | 150.400 |
| 023 | | | 427039 | Изборни активности | 800.000 | 1.394.000 |
| 024 | | | 427188 | Нова Година | | 500.000 |
| | **44** | | | **ТЕКОВНИ ТРАНСФЕРИ** | **5.860.340** | **3.250.000** |
| | | **441** | | **Трансфери до владини Институции** | **139.271** | **150.000** |
| 025 | | | 441287 | Трансфери до јавните гласила низ државаТА | 139.271 | 150.000 |
| | | **443** | | **Државни донации,трансфери на физички лица и нестопански организации** | **1.482.500** | **2.100.000** |
| 026 | | | 443140 | Општествени организации и здруженија на граѓани | 1.482.500 | 1.500.000 |
| 027 | | | 443158 | Трансфери до политички партии | - | 600.000 |
| | | **444** | | **Трансфери по основ на субвенции** | **4.238.569** | **1.000.000** |
| 028 | | | 4441622 | За јавното зеленило | 4.238.569 | 1.000.000 |
| | | | | **ИИ.Капитални трошоци** | **40.000** | **147.066** |
| | **46** | | | **Купување капитални средства** | **40.000** | **147.066** |
| | | **467** | | **Изградба,реновирање и унапред.** | - | **147.066** |
| 029 | | | 467014 | Реновирање на забавни реквизити за деца | - | 127.066 |
| 030 | | | 467057 | Пошумување | 40.000 | 20.000 |
| | | | | **ВКУПНО РАЗДЕЛ 2** | **16.178.878** | **21.946.700** |
| | | | | **РАЗДЕЛ 3-УПРАВНО АДМИНИСТРАТИВНИ ОРГАНИ** | | |
| | | | | **И. Тековни трошоци** | **12.501.198** | **11.193.100** |
| | **40** | | | **Плати,наемнини и надоместоци** | **6.159.667** | **6.729.100** |
| | | **401** | | **Основни плати и наемнини** | **5.093.000** | **5.540.000** |
| 031 | | | 401021 | Основни плати-работници | 5.093.000 | 5.540.000 |
| | | **402** | | **Надоместоци** | **1.066.667** | **1.189.100** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 032 | | | 402010 | Надоместоци за превоз до и од работно.место | 155.550 | 155.500 |
| 033 | | | 402028 | Надомест за храна | 727.300 | 809.600 |
| 034 | | | 402036 | Надомсет за годишен одмор | 183.817 | 224.000 |
| | **42** | | | **Стоки и други услуги** | **6.341.531** | **4.464.000** |
| | | **420** | | **Патни и дневни трошоци** | **131.000** | **125.000** |
| 035 | | | 420018 | Патување во земјата | 56.000 | 50.000 |
| 036 | | | 420058 | Патување во странство | 75.000 | 75.000 |
| | | **421** | | **Комунални услуги** | **986.851,50** | **803.000** |
| 037 | | | 421014 | Струја | 138.383,50 | 138.000 |
| 038 | | | 421022 | Вода и канализација | 11.673 | 12.000 |
| 039 | | | 421030 | ПТТ и курирски услуги | 833.868 | 650.000 |
| 040 | | | 421049 | Ѓубретарина | 2.927 | 3.000 |
| | | **422** | | **Трошоци за затоплување** | **210.225** | **315.000** |
| 041 | | | 422029 | Течни горива | 210.225 | 315.000 |
| | | **423** | | **Материјали** | **1.846.907** | **1.232.000** |
| 042 | | | 423017 | Канцелариски материјал | 220.747 | 180.000 |
| 043 | | | 423025 | Учебници,списанија,весници и др. | 306.250 | 200.000 |
| 044 | | | 4230333 | Копирање, печатење и издавање | 530.000 | 330.000 |
| 045 | | | 423041 | Набавка на ленти и касети за АОП | 112.000 | 100.000 |
| 046 | | | 423050 | Средства за одржување на хигиената | 70.000 | 80.000 |
| 047 | | | 423068 | Алати и ситен инвентар | 30.610 | 30.000 |
| 048 | | | 423092 | Униформи,работна облека и обувки | 6.300 | 12.000 |
| 049 | | | 423190 | Други материјали | 550.000 | 300.000 |
| 050 | | | 423191 | Монографија на Општина Б-ла | 21.000 | - |
| | | **424** | | **Трошоци за транспорт** | **565.669** | **635.000** |
| 051 | | | 424013 | Гориво и масло | 237.500 | 250.000 |
| 052 | | | 424021 | Гуми | 54.000 | 20.000 |
| 053 | | | 424030 | Резервни делови | 20.000 | 50.000 |
| 054 | | | 424048 | Регистрација и осигурување на моторни возила | 164.169 | 165.000 |
| 055 | | | 424064 | Сервисирање на моторни возила | 90.000 | 150.000 |
| | | **425** | | **Тековно (рутинско)одржување** | **200.000** | **150.000** |
| 056 | | | 425010 | Згради | 130.000 | 100.000 |
| 057 | | | 425044 | Опрема | 70.000 | 50.000 |
| | | **426** | | **Договорни услуги** | **47.200** | **54.000** |
| 058 | | | 426156 | Трошоци за семинари и конференции | 15.200 | 16.000 |
| 059 | | | 426210 | Надомест за платен промет и бан карска провизија | 32.000 | 38.000 |
| | | **427** | | **Други оперативни трошоци** | **2.353.678,50** | **1.150.000** |
| 060 | | | 427071 | Осигур.на недвижности и права | 70.000 | 70.000 |
| 061 | | | 427195 | Останати оперативни трошоци | 2.100.000 | 1.000.000 |
| | | | 4271950 | Со присилни решенија | 183.678,50 | - |
| 062 | | | 4271951 | Грб и знаме | | 80.000 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **ИИ.КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ** | **1.111.815** | **100.000** |
| | **46** | | | **Купување капитални средства** | **1.111.815** | **100.000** |
| | | **463** | | **Мебел и канцелариска опрема** | **451.894** | **100.000** |
| 063 | | | 463019 | Купување мебел и опрема за органите на управата | 451.894 | 100.000 |
| | | **464** | | **Купување моторни возила** | **659.921** | **-** |
| 064 | | | 464090 | Други возила | 659.921 | - |
| | | | | **ВКУПНО РАЗДЕЛ 3** | **13.613.013** | **11.293.100** |
| | | | | **РАЗДЕЛ 4-ОПШТИНСКИ ОДБОР НА МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ** | | |
| | | | | **И.Тековни трошоци** | **2.260.808** | **2.105.600** |
| | **40** | | | **Плати, наемнини и надоместоци** | **2.260.808** | **2.105.600** |
| | | **401** | | **Основни плати и наемнини** | **1.885.400** | **1.750.300** |
| 065 | | | 401021 | Основни плати на работници | 1.885.400 | 1.750.300 |
| | | **402** | | **Надоместоци** | **375.408** | **355.300** |
| 066 | | | 402028 | Надомест за храна | 303.600 | 278.300 |
| 067 | | | 402036 | Надомест за годишен одмор | 71.808 | 77.000 |
| | | | | **ВКУПНО РАЗДЕЛ 4** | **2.260.808** | **2.105.600** |
| | | | | **СЕ ВКУПНО (Раздел 1+2+3+4)** | **34.581.000** | **38.039.000** |

Член 4

Со донесување на Буџетот на Оптината Битола за 2001 година, престанува да важи Одлуката за времено финансирање на функциите на Општината Битола за периодот јануари-март 2001 година (″Службен гласник на Општината Битола″ број 8/2000).

Член 5

Буџетот на Општината Битола, влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Битола″, и ќе се применува од 01.01.2001 година.

Бр. 07-135/2 — ПРЕТСЕДАВАЧ
14.02.2001 — на Советот на Општината Битола,
Б и т о л а — Марјанчо Танушевски

Врз основа на член 43 став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.52/95), а во врска со член 62 од Статутот на Општината Битола (,,Службен гласник на Општината Битола,, бр.2/96), донесувам

З А К Л У Ч О К

за прогласување и објавување на Одлуката за извршување
на Буџетот на Општината Битола за 2001 година, донесен
на седницата на Советот на Општината Битола, одржана
на 14.02.2001г.

1.Ја прогласувам Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Битола за 2001 година.

2.Актот да се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општината Битола,,.

Бр.08-145/2 — ГРАДОНАЧАЛНИК
16.02.2001г. — на Општината Битола
Б и т о л а — Д-р Златко Вршковски

Врз основа на член 29 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 52/95), и член 43 од Статутот на Општината Битола ("Службен гласник на Општината Битола" број 2/96), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 14.02.2001 година, донесе

О Д Л У К А

за извршување на Буџетот на Општината
Битола за 2001 година

Член 1

Буџетот на Општината Битола за 2001 година, (во натамошниот текст-Буџет) се извршува според одредбите на оваа одлука.

Член 2

Корисниците на Буџетот се должи утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 3

Износите на трошоците во Буџетот се максимални , лимитирани и над утврдените не можат да се преземаат никакви обврски.

Член 4

Средствата утврдени во Буџетот за стоки и услуги, тековни трансфери и капитални трошоци се извршуваат согласно со тримесечниот финансиски план.

Член 5

Надоместокот за превоз до и од работното место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатуваат само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место, а во висина на цената на слободната месечна карта.

Член 6

Регресот за исхрана во текот на еден месец (доколку исхраната не е оргаизирана) изнесува 23% од просечната плата по работник исплатена во стопанството на Републиката Македонија во претходните три месеци.

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор и отсуство од работа, по било кој основ, надоместокот за храна не се исплатува.

Член 7

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, на работникот му се исплатува помош во висина на една просечна месечна плата што се исплатува на управните и административни органи, согласно Колективниот договор.

Член 8

Во случај на смрт на работникот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од две просечни месечни плати.

Во случај на смрт на член во потесното семејство на рабонтикот (брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување), на работникот му припаѓа парична помош во висина на една просечна месечна плата што се исплатува на управните и административните органи, согласно Колективниот договор.

Член 9

Дополнителните приходи на корисниците на Буџетот, остварени по било кој основ, од вршење на работите од својот делокруг, се приходи на Буџетот на Општината.

Член 10

Разликата меѓу преведените и исплатените средства за плати и надоместок за храна остварена по основ на боледување и привремено испразнето работно место, се враќаат во Буџетот на соодветната позиција најдоцна по истекот на секое тримесечие.

Член 11

За трошоците на средствата од Раздел 1, 2, 3, и 4 наредбодавач е градоначалникот на Општината Битола, освен за потставка 427063 од Раздел ИИ-каде наредбодавачи се претседавачот или секретарот на Советот.

Член 12

Средствата утврдени во потставката 443140 Општествени организации и здруженија на граѓани, ќе се користат врз основа на решение од градоначалникот, по претходна согласност од Одборот за финансии и Буџет на Советот на Општината Битола.

Член 13

Кога приходите што со својата дејност ги остваруваат буџетските корисници како, и други приходи што му припаѓаат на Буџетот, се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кој се уплатени, а ако такви приходи нема, на товар на другите приходи од Буџетот.

Решението за враќање на приходите од став 1 на овој член донесува овластеното лице од Подрачната единица на Министерството за финансии, врз основа на потврда од надлежниот орган за погрешно или повеќе уплатени средства.

Член 14

Средствата предвидени за Трансфери во нестопански организации-плаќање до јавни претпријатија за општи комунални потреби, за јавна чистота, за јавно зеленило, како и средствата за финансиска програма за одржување на комунални објекти и инсталации, ќе се користат врз основа на оваа Програма, како и врз основа на пресметки, фактури и ситуации за создадените обврски, по претходно разгледување и мислење на Одборот за јавни и комунални дејности на Советот на Општината Битола.

Член 15

Средствата утврдени во подстапката 427128-Тековна резерва (разновидни трошоци), ќе се користат врз основа на одлуката донесена од Советот на Општината, по предлог на градоначалникот на Општината.

Член 16

Буџетот се извршува од 01 јануари до 31 декември 2001 година.

Член 17

Оваа одлука влегува во сила со денотна донесувањето, а ќе се применува од 01 јануари 2001 година.

Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општината Битола,,.

Бр. 07 - 135/3
14.02.2001 год.
**Б и т о л а**

ПРЕТСЕДАВАЧ,
на Советот на Општина Битола
**Марјанчо Танушевски**